Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 25.04.2023

На 24.04.2023 во близина на Железничката станица Браилово, полициски службеници од СВР Битола - Полициско одделение Ропотово го лишиле од слобода Ц.М.(32) од Прилеп. Тој бил затекнат како со патничко возило „фолксваген шаран“ без регистарски ознаки превезувал нежигосани огревни дрва и без соодветна документација. Возилото и дрвата биле одземени за понатамошна постапка, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2023 околу 12.00 часот на улица „Видое Смилевски-Бато“ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба го привеле 46-годишниот тетовец А.З.. Тој се барал за издржување затворска казна, по што бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово.

На 25.04.2023 во 01.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода С.Б.(28) од Скопје, затоа што кај неа била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.04.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.04.2023 околу 11.40 часот на локален пат во тетовски Пирок, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 31-годишниот И.З. од ова село, затоа што при негов и преглед на патничкото возило „опел корса“ со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по расчистување и документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 24.04.2023 околу 17.20 часот на бул.„Туристичка“ во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ја лишиле од слобода Е.К.(27) од Охрид. При преглед кај неа и во возилото во кое се превезувала, кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.04.2023 околу 22.20 часот на улица „107“ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (24.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 171 возач. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 76 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 95 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 163 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 24 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за непрописно престројување на возила. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет мерки за прекршоци што ги прават пешаците...

На 24.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 11 во населено место и 2 надвор од населено место. Санкционирани биле и 18 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 1 за претовар, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 1 за некористење заштитен шлем и 3 за непрописно паркирање.

На 24.04.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопат Скопје-Куманово, во атар на с.Долно Количани, скопско, патничко возило „опел“ со бугарски национални ознаки, управувано од О.Ц.(43) од Штип, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка, а со телесни повреди се здобила уште една сопатничка С.Ц.(42), двете од Штип, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.04.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.М.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Св.Прохор Пчински“ бил каснат од куче скитник.

На 24.04.2023 во 22.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Босна и Херцеговина“ и ул.„Ќемал Сејфула“ во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди а4“, управувано од А.Т.(22) од Скопје и патничко возило „пежо 107“, управувано од малолетник од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“. Со телесни повреди се здобиле возачот А.Т. и сопатник од истото возило, З.А.(22) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.04.2023 во 19.45 часот во Полициската станица Чаир, Д.Т.(53) од Скопје пријавила дека кај Градски гробишта Бутел била касната од куче скитник.

На 24.04.2023 во 13.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул.„Гоце Делчев“ и ул.„Филип Втори Македонски“ се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „форд“ со скопски регистарски ознаки, управувано од А.И.(46) од с.Батинци, скопско и електричен тротинет, управуван од Л.С.(59) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Л.С., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.04.2023 во 20.40 часот во Полициската станица Карпош, Т.П.(21) од Битола пријавила дека на ул.„Московска“ била касната од куче скитник.

Денеска (25.04.2023) во кругот на Зелен пазар на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар лишиле од слобода малолетник од Скопје. Тој бил затекнат при извршување кражба на пазарот, при што од А.Б.(38) од Скопје одзел паричник со пари. Малолетникот бил задржан во полициска станица, а одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (25.04.2023) околу 07.00 часот на место викано „Дупки“ во близина на Граничниот премин „Долно Блаце“, полициски службеници од Отсекот за прекугранични криминал и миграции при Регионалниот центар за гранични работи Север ги лишиле од слобода Ц.Р.(47) од Република Косово и Ј.Л.(29) од с.Блаце, скопско. При контрола во товарно возило „мерцедес“ со косовски национални ознаки, управувано од Ц.Р., каде сопатник бил Ј.П., биле пронајдени повеќе производи без соодветна документација. Возилото и производите биле одземени за понатамошна постапка, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2023 околу 10.40 часот на улица „Младен Симоновски“ во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 45-годишниот гостиварец Е.С., поради сомнение дека од едно лице одзел личен предмет. Се расчистува и документира случајот, по што ќе следува соодветна пријава.

СВР Битола до Основното јавно обвинителство Битола поднесе кривична пријава против Љ.Т.(61) од Демир Хисар, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата“, казниво по член 353-в од Кривичниот законик. Пријавениот, на 30.05.2022 во својство на службено лице, вработен во ЈП „Национални шуми“ Скопје, подружница Демир Хисар, изготвил и потпишал записник за сеча на шумски дрвја, врз основа на кој било издадено одобрение за сеча на две приватни парцели. На тој начин тој ги оштетил сопствениците за 554.275 денари.

Во текот на вчерашниот ден (24.04.2023) во периодот од 07.00 до 12.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола во областа на сообраќајот на територијата на цела држава, при што изречени се 198 санкции за сообраќајни прекршоци. При контролата, санкционирани се 22 возачи за возење без возачка дозвола, а седум возила биле со неисправен уред за сопирање... На вонреден технички преглед биле упатени 53 возила, а кај 20 биле констатирани технички неисправности.

На 24.04.2023 во 14.15 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на булевар „Ленинова“ во Струмица се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл без регистарски ознаки, управуван од В.П.(36) од село Пиперево, струмичко и патничко возило „ауди“ со струмички регистарски ознаки, управувано од В.Ч.(48) од Струмица. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 24.04.2023 во СВР Битола, од Клиничката болница Битола било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Б.К.(33) од Крушево. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи во зграда во изградба на улица „Илија Николовски - Луј“ во Битола. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 24.04.2023 во 19.20 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Ѓ.М.(42) од Кавадарци. Тој се сомничи дека околу 19.00 часот од терасата од својот дом со воздушен пиштол „колт“ испукал неколку дијаболи кон патот и кон терасата на негов сосед од Кавадарци. Лицето било приведено во полициска станица, а пиштолот и дијаболите му биле одземени. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.П.(41) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. Пријавениот во својот дом држел расклопена автоматска пушка, рамка за пушката, два пиштола „Glock“ и „Crvena Zastava“ калибар 7,65 мм, два расклопени пиштола, 209 куршуми различен калибар и повеќе различни делови од пиштол и други предмети, кои биле пронајдени од полициски службеници.

На 24.04.2023 во 13.40 часот во СВР Охрид, 91-годишен охриѓанец пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 3.000 евра. Според пријавеното, околу 11.30 часот на бул.„Македонски просветители“ лицето започнало разговор со него и побарало да му даде пари за да ги покаже на негов пријател од странска земја. Како што е пријавено, тој ги земал парите од негов пријател и откако му ги дал, лицето заминало и не се вратило, по што сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2023 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на место викано Вардариште на подрачјето на Гази Баба, поради претходно меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.А.(25) и А.А.(30), од една страна, и С.А.(18), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.04.2023 во 12.15 часот во СВР Скопје, 29 - годишна скопјанка пријавила дека во домот во скопско село била физички нападната од нејзиниот сопруг И.Ш.(30). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2023 во 18.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Студеничани, скопско, поради претходно меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.С.(38) и Ф.И.(47), двајцата од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.04.2023 во СВР Битола, Н.П.А.(54) од Битола пријавила дека на ул.„Игњат Атанасовски“ во Битола била касната од куче скитник.

На 25.04.2023 во 01.56 часот во СВР Скопје, Љ.К., вработен во Казнено-поправната установа Затвор Идризово, пријавил дека во неговиот двор во с.Ново Село, скопско, било опожарено неговото патничко возило „мерцедес“ со скопски регистарски ознаки. Љ.К. сам го изгаснал пожарот, а повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во здравствена установа на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходна вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.А.(46) и С.Д.(23), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.04.2023 во 12.55 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, И.С.(33) од Скопје пријавила дека на ул.„Лука Геров“ била касната од куче скитник.

На 24.04.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во училница во средно училиште на подрачје на Гази Баба бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу двајца малолетни ученици од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против М.Ч.(55) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 21.12.2022 била извршена контрола во деловен објект во Берово, сопственост на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени повеќе различни видови на пиротехнички средства.

На 24.04.2023 во 16.20 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека, по претходна расправија, осуденикот Р.П. физички нападнал припадник на затворската полиција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2023 во Полициската станица Кочани, В.А.(57) од с.Тркање, кочанско, пријавила дека во с.Тркање била касната од куче скитник.

На 25.04.2023 во 02.45 часот во СВР Скопје, Ф.С.(60) од Скопје пријавил дека околу 01.30 часот на паркинг простор на подрачјето на Центар едно лице му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување деца - Организациона единица Козле било пријавено дека од домот се оддалечил нивниот штитеник С.Е.(17). Тој и претходно ја напуштал установата и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 24.04.2023 во 12.15 часот во Полициската станица Кичево, Б.Д.(71) од с.Другово, кичевско, пријавил дека во с.Другово бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против В.Л.(45) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво“. На 22.11.2022 во Кичево, пријавената физички ја нападнала М.С.(30) од Кичево и ѝ одзела пари.

На 24.04.2023 во 23.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Алексо Демниевски“ настанал пожар во хаубата од патничко возило „пежо“ со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.В.(42) од Скопје. Повредени лица нема, а сопственикот сам го изгаснал пожарот. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 24.04.2023 во 15.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус на ЈСП Скопје на бул. „Илинден“, тројца малолетници од скопските села Копаница, Ласкарци и Арнакија допирале по телото 19-годишна девојка од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2023 во СВР Битола, Ж.Г.(64) од Битола пријавил дека ул.„Панде Илковски“ во Битола бил каснат од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет